**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Даниела Такева, заменик- координатор за еднакви можности на жените и мажите<br>Сузана Петровска- координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Делчево |
| **Период на известување** | 01.01.2025 – 31.12.2025 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 23 .03.2026 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Иван Гоцевски, Градоначалник на Општина Делчево**

**Датум: 23 .03.2026 година**

**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

1. Редовно собирање родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и се користат при анализи за одредени состојби. Податоците се јавно објавени на веб-страницата https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci.
2. Во Делчево за прв пат има 10 жени на раководни функции/директорки на институции. Има 1 жена командирка на ПС Делчево, 1 жена директорка на ЈКП „Брегалница“ , 1 жена заменичка-градоначалник и за прв пат има 6 жени во Советот на Општина Делчево.
3. **За прв пат** Делчево доби жени претседателки на месните и урбаните заедници. Во текот на 2025 година беа формирани 18 нови совети на месните и урбаните заедници и беа избрани нови претседатели на заедниците. За прв пат во Општина Делчево имаме 3 жени претседателки на месна заедница . Процесот кој продолжи во 2026 резултираше со формирање на сите 28 месни и урбани заедници со три жени претседателки: Слободанка Димитровска , Елвира Алириза и Слободанка Митевска, и со 15 жени членки на советите на месните и урбаните заедници.

4. **Промовирани добрите практики за креирање родово одговорни локални програми**- Општина Делечево изготви и Извештај за успешни и креирани имплементирани родово одговорни практики, каде се направи анализа за добри практики во Програмата за работа на ОСБСП и мерката за редовно собирање и анализирање на разделените податоци по пол поврзани со безбедноста во сообраќајот во Општина Делчево. Целта на оваа мерка е подигнување на јавната свест за поголема безбедност во сообраќајот и поттикнување на одговорно учество во сообраќајот од страна насите учесници/чки во сообраќајот (жени, мажи). Извештајот беше презентиран на он-лајн средба со менторките од UN WOMEN.

5. Во текот на 2025 година во соработка со НВО ЖЕНА се одржаа средби со жени од рурални средини, во рамките на проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“ финансиран од Делегацијата на Европската Унија, а кофинансиран од Шведска и спроведуван во партнерство со Фондација Kvinna till Kvinna и Хуманитарно Здружение „Мајка“ - Куманово. Целта на проектот е да се активираат локалните жени за да се обезбеди конструктивен придонес со мерки за политики за инклузивно и родово одговорно програмирање и буџетирање на ЕЛС. Проектот се имплементира и во соработка со одговорните лица за еднакви можности во Општина Делчево и се очекува најмалку 1 предлог за приоритетна

политика, обезбеден од жените во заедницата да биде опфатен (програмиран, буџетиран или спроведен) од страна на општината/локална институција. Досега се одржаа средби со жени во с.Тработивиште и с.Разловци на кои присуствуваа 70 жени. Исто така, изготвени се и **анализи на потребата на жените од с.Разловци** и **с. Тработивиште**, при што се доби генерална слика на состојбата, но се исцрта и главниот предизвик кој се провлекува низ, речиси, сите сектори, а тоа е хроничниот недостаток на проактивна, таргетирана и лесно разбирлива комуникација од страна на општината кон жените. Жените не можат да ги користат услугите и можностите за кои не знаат, или за кои имаат само површни, „делумни“ информации.

6. **З**а реализацијата на целта-родово одговорна општина, Општина Делчево успешно соработува со граѓанскиот сектор: соработува веќе 5 години со UN WOMEN со чија поддршка и реализираните обуки за надградба на капацитетите, Општина Делчево бележи резултати и успешно го имплементира родовиот аспект во своето работење; соработка со НВО ЖЕНА Делчево партнерство за реализација на планираните мерки и активности. Исто така, продолжува соработката со НВО „Бравура кооператива’ од Делчево во делот на пружање помош и нега во домот и активности поврзани со лица со попреченост и со ОО на Црвениот крст Делчево, а потпишан е Меморандум за соработка и со Гласен текстилец од Штип.

7. **Општина Делчево даде поддршка на работата на Локалниот младински совет,** обезбеди логистика, ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела.

8. **Реализиран проектот „Младинска акција за лидерство, дијалог и промени“** од Организација ЖЕНА со поддршка на проектот од Општина Делчево. Реализирани обуки за меки вештини: комуникација, тимска работа и лидерство. Обуката се реализираше во две дела (на 16.12.2025 и на 24.12.2025) и беше фокусирана на практично стекнување знаења и вештини кои се клучни за личен развој и младинско лидерство. Одржани 2 работилници за меки вештини:комуникација,тимска работа и лидерство. Стекнати знаења и вештини на 20 млади од СОУ; 18 (Ж) и 2 (М).

9. Организиран **промотивен настан по повод Денот на волонтерството** - По повод 5 Декември – Светскиот ден на волонтерите, во Општина Делчево се одржа настан кој беше посветен на одбележување на хуманоста, солидарноста и вредноста на волонтерството и крводарителството во заедницата. Настанот беше организиран како знак на признание за сите кои несебично го даруваат своето време, енергија и добрина за доброто на другите, како и за оние кои со својот пример ја пренесуваат пораката дека дарувањето е највисок чин на човечност. Воедно, се промовираше и Законот за

волонтерство- со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите што ги нуди Законот за волонтерство со цел нивно активирање во општествените текови.На настанот учествуваа 30 волонтери од кои 28 девојчиња и 2 момчиња.

10. **По повод 16 дена активизам против родово базирано насилство** изработени се брошури на тема превенција и заштита од врсничко насилство. Снимен е поткаст на темата врсничко насилство во нашите училишта со проф. Весна Димитровска од СОУ „М.М.Брицо" и Даниела Такева, зам-координаторка на еднакви можности. Активностите ги реализираше Организација ЖЕНА во соработка со Општина Делчево.

11. **„Силата на една жена"-** трибина по повод Розовиот месец октомври- Во организација на ЈЛБ „Илинден" и со поддршка на Општина Делчево беше организирана едукативна трибина за заштита и превенција од канцер на дојка. На трибината присуствуваа 2 докторки, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија и д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, жени оперирани од канцер на дојка и ученици. На трибината беа вклучени и ученици од СОУ „М.М.Брицо" кои добија награди за своите творби по литературниот конкурс на тема „Силата на една жена".

12. **Трибина со фокус на машкото здравје**- во организација на КЕМ на Општина Делчево. Трибината понуди мултидисциплинарен пристап кон машкото здравје на која учество зедоа доктори од различни области од Здравствениот дом во Делчево. На трибината со наслов „Фокус на машкото здравје", говореа: д-р Адријана Илиевска-Велковски, спец. по радиологија, д-р Билјана Ѓеоргиевска, спец. по психијатрија, д-р Даниела Илиевска, спец. по неврологија, д-р Тони Ѓеоргиевски, спец. по интерна медицина, д-р Александар Стојменовски. Учесници: 5 доктори (3ж и 2м). Едуцирани 42 граѓани (13ж и 29м). Трибината беше организирана по повод Месецот на машкото здравје-ноември.

**13.** Општина Делчево **организираше буџетски форум** за креирање на Буџетот за 2026 г. На двете форумски сесии во рамките на Форумот на заедницата организиран за креирање на Буџетот за 2026 година, учествуваа по 35 граѓани од нив 20 жени, а 15 мажи со што повторно се потврдува фактот за поголем интерес на жените од мажите во процесот на донесување одлуки на локално ниво и поголем интерес за вклучување во активностите на општината. **За прв пат на форумите присуствуваа 10 жени од с. Разловци, с. Тработивиште и од маргинализираните заедници-Ромки, организирани од Организацијата ЖЕНА.**

14. Во текот на 2025 г. преку општинската веб-страница се спроведени анкети на кои учествувале 58 **граѓани** од нив 63,5 % се жени:

- На анкетниот прашалник со кој се собираа предлози од Буџетот за 2026 одговориле 48 испитаници. Од нив 52,3% се мажи, а 47,7% се жени и за прв

пат, има поголем интерес кај мажите за пополнување на анкетниот прашалник.

- На е-анкетниот прашалник за мобилност има само 10 одговори од нив 80% жени, додека на прашалникот доставен директно до родителите во писмена форма има 159 одговори од нив 97 жени, 40 мажи и 12 анкетирани не ја пополниле графата за пол.

15. **Општина Делчево дава поддршка и соработува со Канцеларијата за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка.** Од 19.04.2024 година, Организација ЖЕНА е регистрирана за давање примарна правна помош за граѓаните кои ги исполнуваат условите согласно со Законот за бесплатна правна помош; во канцеларијата за психосоцијална поддршка работи психолог-гешталт. Упатени две граѓанки во психосоцијалното советувалиште -упатени 14 граѓани (10ж и 4 м) во канцеларијата за бесплатна правна помош.

16. **Редовно собирање и анализирање на разделените податоци по пол поврзани со безбедноста во сообраќајот во Општина Делчево** со цел подигнување на јавната свест за поголема безбедност во сообраќајот и поттикнување на одговорно учество во сообраќајот од страна насите учесници/чки во сообраќајот (жени, мажи). За прв пат по категории се забележува тренд на зголемување на бројот на жени кои се здобиле со правото за управување на моторно возило од категоријата Б (во 2020 жени -58%/мажи – 42%; во 2024 жени - 52%/мажи 48%). Исто така, од добиените податоци од МВР се забележува интерес од страна на жените за добивање возачка дозвола за управување и со категории АМ и ЦЕ.

**Програма ОСБСП**

1. **Одбележување на Денот на жената – 8 Март**

Со свежо цвеќе и едукативни флаери, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР ОВР Делчево и РСБСП го одбележаа Денот на жената – 8 Март. Со оваа еднодневна кампања им се посвети посебно внимание на жените учеснички во сообраќајот како возачи, а при едукативните разговори посебен акцент беше ставен на одговорното учество во сообраќајот.

Жените се рамноправни учесници во сообраќајот на патиштата и како пешаци и како возачи. Повеќе истражувања укажуваат дека тие имаат одлични компетенции за управување со моторно возило, дека возат внимателно, паркираат совесно и ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, а се истакнуваат и со способноста за планирање на патувањата земајќи предвид бројни околности што можат да влијаат врз безбедното возење.

Според податоците од статистиката, жените возат одговорно и ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, па оттаму не зачудува податокот дека тие поретко предизвикуваат сообраќајни незгоди. Интересно е и тоа што жените-возачи поретко практикуваат брзо возење, нагло забрзување или возење под дејство на алкохол. Сепак и покрај ова, статистиката покажува дека значително е поголема веројатноста жените да бидат повредени во сообраќајни незгоди.

Затоа, ОСБСП Делчево, МВР ОВР Делчево и РСБСП повикуваа на внимателност кај секој

учесник во сообраќајот, а по повод празникот 8 Март на жените-возачи им препорачаа:
– да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи,
– Да се грижат за сите учесници во сообраќајот,
– почесто да ја проверуваат исправноста на возилото, и
– да бидат пример за издигнување на безбедноста во сообраќајот на повисоко ниво.

Едукативните материјали беа обезбедени од страна на РСБСП, а цвеќињата беа обезбедени од страна на Синдикатот на Општина Делчево преку цвеќара „Нарцис“ од Делчево(вкупно 30 броја свежи каранфили).

2. Во текот на месеците јули и август се вршеше прибирање на **индикатори преку опсервација и бележење на секое трето возило за употребата на сигурносните појаси** во возилата на неколку локации на патната мрежаво општината (државен пат и улици во градот Делчево) кои беа насочени кон возачите, совозачите и сопатниците и насочени кон мотоциклистите кои користат односно не користат заштитна кацигаОд сите добиени податоци за возачи, совозачи и сопатници се забележува дека сигурносен појас **користат 25%** (од кои 8% се жени, а 17% мажи), додека останатите **75% не користат** сигурносен појас, (од кои 21% се жени, а 54% мажи). Вкупен број на возачи,совозачи и сопатници на моторни возила кои беа опфатени: 236 лица од кои 169 мажи (72%) и 67 жени (28%). Вкупен број на мотоциклисти и возачи на мопеди: 54.

3. **Прашалник во врска со безбедноста во сообраќајот во зоните на училиштата** и градинката во Општина Делчево со цел согледување на ставовите на родителите во врска со безбедноста на децата во сообраќајот - На училиштата и детската градинка Прашалникот им беше доставен електронски со цел полесно умножување од нивна страна спрема бројот на првачиња и деца од предшколските групи. Анкетирањето се спроведе во текот на месеците септември и октомври каде овој Прашалник го имаа пополнето вкупно 150 родители од кои 97 жени, 41 маж и 12 лица кои не се изјасниле. Потребно е зголемување на активностите поврзани со промоција и примена на нови концепти за мобилност со фокус на луѓе и места за обезбедување на пристапност преку кои би се подобрил квалитетот на живот.

Иако најголем број деца живеат над 1 км, а нешто помалку од 500 м до 1 км, сепак тие одат на училиште со автомобил – 71%, а многу мал број – 26% одат пеш.

Од уличната градска мрежа, учениците во секојдвените патувања од дома до училиштата и детската градинка најмногу ги користат улиците: Булевар Македонија, Светозар Марковиќ и Маршал Тито.

За причините за настанување на опасни сообраќајни ситуации и постоечки критични места најголем број од родителите не се изјасниле, но оние кои се изјасниле ги наведоа следниве причини: брзо возење, намалена прегледност од паркирани возила, густ сообраќај, невнимателност при возење/непочитување на прописите, нерегулирани крстосници, немање доволно паркинзи и така натаму.

На одлуката на родителите да дозволат нивното дете да пешачи или вози велосипед до училиштето најголемо влијание би имало јасното означување на рутите за пешачење и возење

велосипед.

Најголем дел од родителите- 76.67% поддржуваат формирање на сообраќајни единици, а за зголемување на знаењата од областа на сообраќајната култура сметаат дека е најсоодветно да се врши преку училиштатаи тоа преку работилници со наставниците.

Исто така, најголем дел од родителите – 92% сметаат дека е потребно да постои полигон за сообраќајна едукација на децата и би поддржале ваков проект.

## 4. Анализа на сообраќајните незгоди

Преку извршената анализа на сообраќајните незгоди и нивните последици во 2025 година може да се истакнат апсолутните и релативни показатели за состојбата со безбедноста во сообраќајот, како и да се дадат правци за делување со цел унапредување на безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Делчево.

Како најзагрозени се истакнаа учесниците помеѓу 25 и 34 години кои имаат застапено од 35 до 44г. учество во СН од 26%, но делувањето потребно е да се насочи и кон лицата од 15 до 24г.и од 35 до 44г. бидејќи нивниот процент на учество на СН изнесува 32% од вкупниот број лица кои учествувале во СН.

Врз основа на последиците од СН како најзагрозена група учесници се лицата на возраст од 25 до 34г. со учество од 32% од вкупниот број на повредени лица.

Возачите на моторни возилакои се на возраст помеѓу 25 и 34 години претставуваат најнебезбедна старосна категорија со учество од 27%. Кога се гледаат тешките последици во најголем број се забележани кај возачите. Спрема местото на случување и категоријата на патнајмногу сообраќајни незгоди се случиле во населено место на улиците и тоа 55%.

Најзастепен тип на СН се оние во кои учествувало едно возило и тоа 51%, а најголем број незгоди во однос на специфичното место на настанување на незгодата се забележува на пат/булевар/улица со 76%.

Врз основа на периодот на случување односномесецот во годината најголем број СН се имаат случено во месеците мај, август и ноември и тоа по 12%, според денотнајголем број незгоди 25% се имаат случено во сабота, а според периодот во денот и светлосните услови 59% од незгодите се случиле преку ден. Согласно распределбата на СН според часот на случување 22% од СН се случиле во периодот од 00,00 до 06,00 часот.

Гледајќи ги атмосферските услови и состојбата на површината на коловозот 96% од СН се имаат случено на сув коловоз.

Присуството на алкохол кај возачите е забележано кај 29% од незгодите.

Според полот на возачите како учесници во сообраќајот во 12% од сообраќајните незгоди учествувале жени, во 82% од СН учествувале мажи, а во 6% од СН учествувале НН лица. Со повреди се здобиле 40% од вкупниот број учесници во сообраќајот од кои 11% жени, 81% мажи и 8% НН лица.

Како причина за СН која се истакнува во однос на другите е недржење на страна и правец при движење со процент на застапеност од 34%.

Од споредбата на податоците за јавната пондерирана вредност на ризик од страдање и сообраќајно пондериран ризик од повредапомеѓу годините 2025 и 2021 година може да се забележи дека има зголемување на вредностите и тоа за ЈПР за 85% и за СПР за 47%.

## 5. Родова анализа на сообраќајните незгоди за 2025г

Според полот на возачите како учесници во сообраќајните незгоди можеме да забележиме

дека во 12% од вкупниот број сообраќајни незгоди учествувале жени, во 82% од незгодите учествувале мажи, а во 6% од незгодите учествувале НН лица. Со повреди (тешка и лесна телесна повреда) се здобиле 40% од вкупниот број учесници во СН, од кои 11% биле жени,81% мажи и 8% НН лица. Од жените возачи со телесни повреди (тешки и лесни)се здобиле 33% од вкупниот број жени возачи.

Според бројот на повредени лица во СН, во незгодите каде возачот била жена се повредени 11% од лицата, аво СН каде возачот бил маж се повредени 81% од вкупниот број повредени лица со тешки и лесни телесни повреди. Во незгодите каде учествувале НН лица се повредени 8% од вкупниот број повредени лица. Во 3 СН каде возачот бил маж се евидентирани 5 жени сопатнички, а во овие СН биле повредени (со тешки и лесни телесни повреди) вкупно 9 лица.

Во 1 СН во која учествувале возило и пешак (жена) со тешки телсни повреди се здобил пешакот.

17. Снимени и емитувани на социјалните мрежи 3 поткасти: со проф. Весна Димитровска за врсничко насилство; за родовите прашања и стереотипите во современото општество со Сузана Петровска, координаторка за ЕМ и со д-р Виолета Арсова и поткаст со жена од рурална средина за предизвиците на жените од рурална средина-с. Тработивиште-разговор со медицинската сестра Гордана Бобулинска. Во покастите учествуваше и Даниела Такева, зам-координаторка за ЕМ во улога на водител/модератор.

18. Во 2025 година се реализираше услугата за далечински мониторинг и дијагностика на пациенти кои не се во можност да ги посетуваат матичните лекари. Проектот е финасиран од Австриската агенција за развој и соработка, а во парнерство на НАЛАС. Во проектот се вклучени 4 матични лекари (3ж и 1м) кои со опремата за далечински мониторинг, овозможуваат следење на здравствената состојба на околу 300 пациенти годишно.
19. Координација со администрацијата од сите сектори и одделенија за изработка на родово сензитивни програми.

**II Посебни програмски мерки кои ги има преземено Општина Делчево се:**

А)Во однос на **вклучување на родовите перспективи во главните текови и интегрирање на родовата перспектива** во секоја од програмите на општината (согласно член 4 став 1 точка 10 од Законот за еднакви можности на жените и мажите), Општина Делчево за 2026 подгови 10 програми кои се родово сензитивни и тоа:

1. Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2026
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево за 2026
3. Програма за работа на ОСБСП за 2026
4. Програма за образование на Општина Делчево за 2026
5. Програма за култура на Општина Делчево за 2026
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2026
7. Програма за соработка со граѓански сектор 2026

8. Програма за социјална заштита за 2026
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2026
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2026

**Б) Финансиска поддршка од Општина Делчево за реализација на програмите/проектите на ГО**

**В) Во Измените на** Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.02/2018 и 21/2025) се предвидени дополнителни **2 (два) бода за** апликантите кои се повикуваат/ реализираат програма/проект со фокус на еднаквите можности и согласно со Годишната програма на Општина Делчево за еднакви можности на жените и мажите.

Г) Општина Делчево донесе Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2025 г. бр.09-236/1 од 29.01.2026 („Сл.гласник на О. Делчево" бр. 3/2025).

Д) Се **воведоа и нови мерки кои ќе придонесат за социјална сигурност за одредени категории на лица/семејства и кои досега немале основ за остварување права од Програмата за социјална заштина на Општина Делчево.** Новите мерки се однесуваат на следните категории на граѓани:

1. **еднократна** парична **помош з**а еднородителски семејства во износ од 10.000 денари,
2. еднократна парична помош за лекување на онколошки пациенти во износ од 10.000 денари,
3. еднократна парична помош за рехабилитација на ученици со мускулна дистрофија во износ од 20.000 денари.

Ѓ) Исплатена еднократна парична помош во висина од 699.547 ден. за поднесени 165 барања од кои 86 се жени и 79 мажи.

Е) Исплатени ученички стипендии и награди во висина од 1.026.000 ден за 55 м и 85 ж.

Ж) Доделување парична помош за секое новороденче на територијата на Општина Делчево .По овој основ доделена е парична помош од 3.000 дена ри на вкупно 57 мајки и тоа за 32 женски новороденчиња и 25 машки.

З) **Анализа на потрошените средства за Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица**

Во Програмата за општинско корисна работа во 2025 година, ангажирани се вкупно 10 невработени лица и тоа за период од 3 месеци (Јануари, Февруари и Март 2025) , за следните активности: грижа на стари лица, помош во ОЈУДГ и народната кујна, мотивација на лицата во Дневниот центар и подобрување на негата за лицата во Дневниот центар. За оваа активност исплатени се вкупно **412.500** денари и тоа: 344.750 денари од УНДП и 67.750 денари од Буџет на Општина Делчево. За реализација на Програмата за изведување на јавни работи во 2025 година биле ангажирани 2 лица (мажи), во времетраење од 1 месец, и за истите се потрошени 60.000 денари од Буџетот на Општина Делчево.

Ѕ) Родово одговорни мерки во Програмата за работа на ОСБСП за 2025 г и анализа за ранливоста на жените како учеснички во сообраќајот.

**Линк од програмите /документите можат да се најдат на следниот линк:**

https://www.delcevo.gov.mk/dokumenti-3

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Успешноста на мерките се следи преку остварување на поставените цели во мерките:

- **О**леснет е процесот на собирање родово разделени податоци во насока на анализа и согледување на потребите на жените и на мажите во Општината и соодветна реакција од службите во Општината.

**-**Збогатени статистичките податоци разделени родово, на веб-страницата на Општина Делчево.
-Повеќе жени на раководни функции

-Редовно собирање и анализа на родово разделени податоци од мерките од Програма за сообраќај
**-**Успешноста на мерката доделување парична помош на секое новореденче на територијата на општина Делчево, се мери со број на поднесени барања односно број на донесени решенија за доделување на парична помош за секое новороденче и исплатени средства.
-Успешноста на мерката доделување парична помош на секое прваче во двете основни училишта, се мери со број на донесени решенија за доделување на парична помош за секое прваче и исплатени средства.
-Доделувањето на стипендиите за ученици и студенти се врши по објавен Јавен конкурс, на кој имаат право да се пријават сите ученици од II до IV година кои учат во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево и студенти од Општина Делчево кои студираат на државните универзитети во РСМ. Успешноста на мерката се мери со број на поднесени пријави односно број на донесени решенија за доделување на општинска стипендија и исплатени средства.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**
**Показатели/индикатори:**
**-**број на жени на раководни функции/советнички
**-**Број на одржани работилници на тема семејно и врсничко насилство, бр на присутни/учесници (М/ж)
-Број на едукативни предавања/ поткасти, број на учесници (м/ж).
-Одржана 1 јавна трибина за машкото здравје на која присуствуваа 55 граѓани од нив 42 се мажи и 13 беа жени.
**-Исплатени средства з**а детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти исплатени се вкупно 1.026.000 денари и тоа по барања на 55 момчиња и 85 девојчиња.
-Број на донесени решенија за доделување парична помош за новороденчиња;
-Број на донесени решенија за доделување парична помош за првачињата;
-Број на донесени решенија доделување стипендии на ученици и студенти;
-Број на корисници (м/ж)на бесплатна правна помош

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| -Број на корисници (м/ж) на психосоцијална поддршка<br>-број на ангажирани лица (м/ж) за Општинско корисна работа |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>- решенија за доделување парична помош за новороденчиња<br>- решенија доделување стипендии на ученици и студенти;<br>-програми и извештаи на веб-страницата delcevo.gov.mk<br>-проекти/програми поддржани на ГО поддржани од Општина Делчево<br>-емитувани поткасти на социјалните мрежи<br>-испечатени брошури<br>-спроведени анкетни/извештаи од анкети<br>-записници од состаноци од месни/урбани заедници<br>-Програма за работа на месни/урбани заедници |
| **1.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**<br><br>1. Како преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите на координаторката и заменичката-координатор, беше имплементирање на родовиот аспект во 7 нови програми (кои Општината за прв пат ги донесува), а во нив се предвидени и родово одговорни мерки и активности.<br><br>2. Иницијатива за анимирање и афирмација за учеството на жените во месните и урбаните заедници и изготвување Програма за работа на месните и урбаните заедници во О. Делчево која ќе претставува рамка на делување на заедниците и ќе ги следи подеднакво потребите на жените и мажите. |
| **a. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>1.Успешноста се мери во општинските годишни програми каде се одржува и надградува имплементираниот родов концепт и родово одговорните мерки и активности во 7 нови програми, односно 10 програми.<br>2.Успешноста се мери со постигнатите резултати: назначувањето на три жени за претседателки на месни/урбани заедници и 15 членки на советите на месните/урбаните заедници и подготовката на првата Програма за работа на месните и урбаните заедници на Општина Делчево за 2026 г. |
| **b. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**<br>-Број на креирани родово одговорни мерки<br>-бр. на реализирани активности и мерки предвидени во новите годишни програми<br>-Собрани родово разделени податоци<br>-број на одржани настани<br>-Број на учесници/чки<br>-број на жени учесници на состаноци на месни/урбани заедници<br>-број на приоритети од жени од месни и урбани заедници<br>-број на реализирани приоритети од жени од месни и урбани заедници |

c. **Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

-програми усвоени на Советот на Општина Делчево https://www.delcevo.gov.mk/dokumenti:

1. Програма за еднакви можности
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево
3. Програма за работа на ОСБСП за 2026- во фаза на донесување
4. Програма за образование на Општина Делчево за 2026
5. Програма за култура на Општина Делчево за 2026
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2026
7. Програма за соработка со граѓански сектор за 2026
8. Програма за социјална заштита за 2026
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2026
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2026.

- **Записници од состаноци на месни/урбани заедници; Програма за работа на месни и урбани заедници за 2026 г. https://www.delcevo.gov.mk/urbani-i-mesni-zaednitsi**

d. **Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Во 2025 година Општина Делчево и КЕМ соработуваше со НВО ЖЕНА од Делчево за реализација преку партнерство на дел од активностите и мерките предвидени во Програмата за еднакви можности;

Во текот на оваа година продолжи соработката со UN WOMEN, за надградба на капацитетите на административните службеници и имплементација на родово одговорни компоненти.

Во 2025 година продолжи партнерството со НВО „Бравура кооператива“ за реализација на проектот Клуб за социјална инклузија на лица со посебни потреби „Интегра“ и нега во домот на стари и изнемоштени лица.

Во 2025 г се потпиша Меморандум за соработка со ГО „Гласен текстилец“ за соработка за родови прашања и перспективи.

Во 2025 година продолжи соработката со ОО на Црвен крст-Делчево во делот на волонтеризмот и организирање хуманитарни акции.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Да, базата на податоци кои се однесуваат на човечките ресурси вработени во општината, со која располага општината е разделена по пол.

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи и податоци разделени по пол за**

**опфатени корисници, целни групи итн.**

**https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci**

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да, може да се најде на следниот линк: https://www.delcevo.gov.mk/dokumenti

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има преземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

- Водење статистика според пол; поддршка на граѓански здруженија за организирање настани, активности за промоција на еднаквите можности, вклучително и борбата против семејното насилство,

- Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето: едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата; Едукативни предавања за значењето на редовните здравствени прегледи кај жените и мажите; Прегледи кај мажите по 40-тата година (прегледи за простатата, тестиси и сл.);

- Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството: Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови;

- Зголемена доверба кај граѓаните во надлежните институции во однос на справување со родово базираното насилство: Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни; Обезбедување континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство; Истражување на бројот на жртви од родово насилство.

- Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на Општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции: Унапредување на системот за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општината и институции основани и во надлежност од општината.

- Анимирање на жените да се вклучат активно во работата на месните/урбаните заедници. Преку јавни соопштенија, директни контакти со жените и преку соработка со Организација ЖЕНА за организирање средби со 70 рурални жени од Тработивиште и Разловци.

- Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза. Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија: Поставување фотоволтаици на јавните институции; Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни;

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

-Достапни статистички податоци разделени по пол;

-Одржани предавања од областа на здравството: едукативно предавање за рано откривање на малигните болести кај мажите и трибина за проблемите на жените оперирани од канцер на дојка

- Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството: Продолжување на грижата кај стари и

изнемоштени лица во домашни услови преку Општинско корисна работа и соработката со НВО Бравура кооператива;

- Обезбедување континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство;

-Одржани едукативни трибини и предавања за семејно и др. вид насилство и снимени три покаста.

-Три жени претседателки на урбани/месни заедници и 15 жени членки на советите.

- Подобрување на процесот на замена на уличните светилки во Делчево со однапред утврден распоред по реони;

-Поставени нови клупи во градските паркови и јавните површини.

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

- број на обработени податоци по пол (од мерки од различни програми)

-бр на одржани предавања/број на учесници (м/ж)

-бр на присутни жени на состаноци на месни/урбани заедници

-бр на избрани жени за претседателки на месни/урбани заедници

- Успешноста на мерката доделување парична помош на секое новореденче на територијата на општина Делчево, се мери со број на поднесени барања односно број на донесени решенија за доделување на парична помош за секое новороденче (м/ж).
-Успешноста на мерката доделување парична помош на секое прваче во двете основни училишта, се мери со број на донесени решенија за доделување парична помош за секое прваче (М/ж).
-Доделувањето на стипендиите за ученици и студенти се врши по објавен Јавен конкурс, на кој имаат право да се пријават сите ученици од II до IV година кои учат во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево и студенти од Општина Делчево кои студираат на државните универзитети во РСМ. Успешноста на мерката се мери со број на поднесени пријави односно број на донесени решенија за доделување на општинска стипендија (м/ж).

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината, а колку од донации?**

А) Во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година предвидени беа вкупно 60.000 денари за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.
Б) Анализа на потрошените средства за Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица
Во Програмата за општинско корисна работа во 2025 година, ангажирани се вкупно 10 невработени лица и тоа за период од 3 месеци (Јануари, Февруари и Март 2025) , за следните активности: грижа на стари лица, помош во ОЈУДГ и народната кујна, мотивација на лицата во Дневниот центар и подобрување на негата за лицата во Дневниот центар. За оваа активност исплатени се вкупно **412.500** денари и тоа: 344.750 денари од УНДП и 67.750 денари од Буџет на Општина Делчево. За реализација на Програмата за изведување на јавни работи во 2025 година биле ангажирани 2 лица (мажи), во времетраење од 1 месец, и за истите се потрошени

60.000 денари од Буџетот на Општина Делчево.

В) За детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти исплатени се вкупно 1.026.000 денари и тоа за 55 момчиња и 85 девојчиња. Исплатата за оваа активност е извршена по следните основи: стипендии за ученици од социјално загрозени семејства, стипендии за ученици со просек, стипендии за ученици првенци на генерацијата, стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, стипендии за студенти со просек, парична награда за 10 најдобри ученици од СОУ, парична награда за најдобри ученици Роми од ООУ и СОУ, парична награда за секое прваче. Стипендиите за ученици и студенти се доделуваат со објавување на Јавен повик врз основа на:

- Одлука за доделување стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево,
- Одлука за доделување стипендии на ученици во СОУ М.М.Брицо Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето,
- Одлука за доделување стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта,
- Одлуката за доделување стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија **.**

Барањата за доделување стипендија ги разгледуваат Комисии составени од членови на Советот, општинска администрација и претставници од училиштето .

-еднократен паричен надоместок за првачиња во износ од 3.000 ден- во текот на 2025 доделени се средства на 106 првачиња од нив 52 се машки, а 54 се женски.

-Наградното патување за 10 најдобри ученици – сите 10 се девојчиња- од СОУ, парична награда за 3 најдобри ученици Роми (1м/2ж) од ООУ и СОУ. (Паричната награда за секое прваче и паричната награда за секое новороденче се доделуваат врз основа на Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево. За доделување на наградите се донесува Решение од Градоначалникот.)

-За мерката-еднократна парична помош во 2025 година се исплатени 699.547 ден за поднесени 163 барање од 86 жени и 79 мажи. Анализа на потрошените средства за парична помош и обезбедување посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица.

За оваа активност исплатени се вкупно 699.547 денари и тоа 326.5220 денари по барања поденесени од мажи и 373.027 денари поднесени од жени. Оваа парична помош се исплаќа по разни основи и тоа: парична помош за материјална загрозеност, за болничко лекување, за елементарни непогоди и за смртен случај во семејството. Одбиени се вкупно 20 барање и тоа 12 барања од мажи и 8 барања од жени, поради веќе извршена исплата по истиот основ во истата година. Барањата за парична помош ги разгледува пет члена Комисија составена од административни службеници во Општината и членови на Советот на општината (3 жени и 2 мажи) и тоа според условите и критериумите наведени во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.1/23, 21/25 и 1/26).(Правилникот е објавен на интернет страницата на Општина Делчево).

**-** Организација ЖЕНА преку проект/донација за изработка на брошури на тема превенција и заштита од врсничко насилство.

-Организација ЖЕНА преку проект/донација за организирање на средбите со жени од рурални средини, с. Тработивиште и с. Разловци.

| |
|---|
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>ДА |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) <u>слушател/слушателка</u>**<br>**б) <u>обучувач/обучувачка</u>** |
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br><br>- Не присуствувавме на обуки |
| **2.17.. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>Тие се пренесуваат преку состаноци во рамките на ЕЛС. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>- Предлог за донесување Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2025 година;<br>- Предлог за изработка и донесување на првата Програма за образование на Општина Делчево за 2025 која е родово сензитивна и со Акциски план;<br>- Предлог за изработка и донесување на првата Програма за спорт на Општина Делчево за 2025 која е родово сензитивна и со Акциски план;<br>- Предлог за изработка и донесување на првата Програма за соработка со граѓански сектор за 2025 која е родово сензитивна и со акциски план.<br>- Предлог за изработка за родово сензитивна Програма за култура за 2025 г.<br>- Предлог за изработка и донесување на родово сензитивна Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево и за Програма за уредување на градежноземјиште на подрачјето на Општина Делчево<br>- Координација со претставници од сите одделенија во Општината за имплементација на родовиот аспект во годишните програми за 2025 г.<br>- -Соработка со граѓански организации<br>- Активно учество во проекти од ГО кои работат на тема еднакви можности<br>- Анимирање на жените за активно учество во месните и урбаните заедници<br>- Поддршка за изработка на родово сенизтивни програми и мерки<br>- |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br><br>Стратешките документи по предлог на координаторот за ЕМ се донесени од страна на Советот на Општина Делчево. Дел од проектите се реализирани.<br>-Успешна соработка и градење доверба со ГО кои работат на теми за еднакви можности<br>- Потврден изборот на три жени претседателки на месни/урбани заедници<br>-подготвена Програма за работа на месните и урбаните заедници за 2026 |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКТИКИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со коишто сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Наш предизвик беше имплементацијата на родовиот аспект и креирање родово одговорни мерки и активности во поголем број локални годишни програми, изработката на анализите во тие програми и надградба на веќе постоечките програми кои се со имплементиран родов аспект: Програма за односи со јавноста и промоција на Општина Делчево, Програмата за социјална работа, Годишната програма на ОСБСП и Програмата за еднакви можности на жените и мажите.

Важен предизвик беше анимирање на жените од руралните средини за активно учество во месните/урбаните заедници. Отпор кај дел од членовите за покана на жените да учествуваат на состаноците на советите. Важен придонес за надминување на стереотипите за работата на месните/урбаните заедници-како машка работа- беа организираните средби од Организација ЖЕНА со руралните жени на која се детектираа и приоритетите и проблемите на жените во одредената средина. Воедно, Општина Делчево преку официјални соопштенија ги повикуваше жените активно да се вклучат во формирањето на новите состави на месните/урбаните заедници, но и преку директна комуникација со жени.

Лоша практика е неприфаќањето на родовиот аспект на дел на вработените и непостоење навика/одговорност за користење индикатори и мерење на резултатите.

Исто така, лоша практика е и непостоењето соодветни податоци во Буџетот на Општината од каде ќе се црпат податоци за средствата по конкретни програми и родовата анализа.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша практика**

Спроведување на менторската програма на UN Women е пример за добра практика. Исто така, редовната координација со НВО ЖЕНА преку градење партнерство во реализацијата на предвидените мерки и активности е пример за добра практика. Целта на менторската програма е да се изградат вештини и да се поддржи локалната администрација и КЕМ во дизајнирањето политики и буџети кои се свесни за родовите, да изградат институционални механизми за координација на родовата еднаквост на локално ниво и да воспостават капацитети за следење и евалуација на постигнувањето на целите на родова еднаквост. Добра практика е и соработката со НВО „Бравура кооператива“ во делот на социјални услуги.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Програмата за обука и менторство е концептуализирана со цел да се обезбеди долгорочно градење на капацитетите за вклучување на родовите аспекти во главните политики и буџети преку обука, менторирање, континуирана поддршка, упатства и совети за службениците на локалната самоуправа, советниците, креаторите на политики .

Придобивки за менторирано лице во ЛС и советници се:

• знаење, технички и бихевиорални подобрувања во вклучувањето на родовите прашања во креирањето на политиките и организацискиот развој;

• подобро управување со политичките прашања со јасно разбирање на нивните резултати;

• развивање на поширока мрежа на влијание и поддршка особено од групите кои ја промовираат родовата еднаквост во локалната заедница, другите граѓански организации и бизнис заедницата;

• Зголемена доверба во областа на родовата рамноправност која помага во ангажирањето и придонесот во политичкиот дијалог кој се гледа низ "родовите леќи" ;.

• Поддршка на менторираните во донесувањето на промени во локалните самоуправи

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и коишто ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Унапредување на системот за собирање родово разделени податоци и обезбедување на целосна дата база со родово раделен податоци како од општината, така и од општинските институции.

Имплементација на предвидените родови мерки во сите програми за 2025 г.

-анимирање на жените за поактивно учество во месните и во урбаните заедници

-анимирање на момчињата за постигнување подобри резултати во образованието и зголемување на бројот на момчиња стипендисти на Општината.

-родова статистика во работата на сите сектори и одделенија во Општина Делчево

**4.2 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ во 2026 година**

1 Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација

2. Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;

3. Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница

4 Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите

5. Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство

6. Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно со методологијата и согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите;

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените е формирана со Одлука на Советот на Општина Делчево бр. 09-2550/1 од 12.11.2025 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол**

Половата структура на членовите на Комисија за еднакви можности на жените и мажите е: 3 (три) жени а 2 (двајца) мажи.

**б) Образование**

Тројца од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се со високо образование и двајца се со средно образование.

**в) Етничка припадност**

Според етничката припадност четворица од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите сите се од македонска етничка заедница.

**г) Припадност на политичка партија**

Според припадноста на политичката партија 4 (четвроица) членови се од ВМРО ДПМНЕ и 1 (еден) член е од СДСМ.

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а)** во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа

б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

КЕМ учествуваше во донесување на годишните програми и Буџетот преку учество на седници на Советот.

Ги разгледуваше програмите кои се усвојуваат на Советот.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

/

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

ДА

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Во 2025 година КЕМ има одржано еден состанок**.** (на 19.11.2025)

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Една од можностите за напредок на Комисииите за еднакви можности помеѓу мажите и жените е да соработуваат меѓу себе на две нивоа: 1) соработка со комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Македонија и 2) КЕМ да соработуваат преку добри примери во комисиите кои имаат слични услови, но покажале извесен напредок по одредено прашање (општина со општина или регионално поврзување).

На почетокот на секој мандат на новите советници, со формирањето на комисијата за еднакви

можности помеѓу мажите и жените би било од големо значење да бидат дадени упатства на членовите на Комисијата во врска со нивните специфични задачи и одговорности. Овие активности би можеле да се спроведат преку организирање стандардни униформни обуки на сите членови на комисиите за еднакви можности помеѓу мажите и жените кои би требало да се спроведат на почетокот на нивниот мандат.

Би требало да се изработат прирачници кои би ги упатувале на законската регулатива во Република Северна Македонија, со донесените национални стратегии акциски планови, декларации и останати документи со цел да се нагласи потребата за заложба за родова рамноправност согласно со стандардите на домашното законодавство и меѓународните ратификувани конвенции и декларации.

Потребата од креирање база на податоци која би опфаќала контакти на сите координатори на комисиите за еднакви можности, адресар на клучни актери на локално и национално ниво од кои би можеле да се добијат одредени информации поврзани со еднаквите можности. Во оваа база на податоци би биле депонирани и сите акциски планови и нивните иницијативи и реализации. Оваа база на податоци би требала да биде лесна за манипулирање со цел што поголем број комисии да ја потполнуваат со податоци, но и да црпат информации за имплементација на акциските планови. Би требало сите координатори и советници, како и членови на комисиите за еднакви можности да имаат пристап на базата на податоци.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Унапредување на знаењата на раководните општински структури (по сектори и одделенија) со родова проблематика и воспоставување систем на следење на буџетските алокации за родово одговорно буџетирање